# ‚Воздржи се од овој свет – Аллах ќе те засака. Биди воздржан од она што го имаат луѓето – луѓето ќе те засакаат.’“

Ебу Абас, Сехл бин Сад ес-Саиди, Аллах нека е задоволен со него, рекол: „Еден човек дојде кај Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, и рече: ‚О, Божји пратенику, упати ме кон дело кое ако го правам, Аллах ќе ме засака, а и луѓето ќе ме засакаат.‘ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, му рече: ‚Воздржи се од овој свет – Аллах ќе те засака. Биди воздржан од она што го имаат луѓето – луѓето ќе те засакаат.’“

[قال النووي: حديث حسن] [رواه ابن ماجه وغيره بأسانيد حسنة]

Еден човек го прашал Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, да го упати кон дело кое, ако го прави, Аллах ќе го засака, а и луѓето ќе го сакаат. Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, му одговорил: „Аллах ќе те засака ако се воздржиш од украсите на овој свет, од она што не ти носи корист на Ахиретот, и од она што може да ти наштети на верата. А луѓето ќе те засакаат ако се воздржиш од тоа што е во нивните раце од овој свет, бидејќи тие по нивната природа го сакаат тоа. Кој ќе се натпреварува со нив за тоа – тие ќе го замразат, а кој ќе го остави за нив – тие ќе го засакаат.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4307